Архивски знак: 0105
Рок на чување: ______ год.
16.06 2025 година
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.НС.003.04

# НАСОКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА КОМПЈУТЕРИ И СОФТВЕР СОГЛАСНО ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

ЈУНИ 2025

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 25.01.2018 | Прво издание | / | / |
| 02 | 16.02.2021 | Второ издание | Изменети<br>Избришани<br>Нова<br>Изменета нумерација | Вовед, Точки 1, 3, 6, 11, 12, 14, 15 27, 28, 29,30,31, 33, 35, 40, 45, 50, 58, 61, 78, 79<br>Точки 55 и 80<br>Точка 81<br>од точка 55 до 81 |
| 03 | 31.01.2022 | Трето издание | Дополнето<br>Изменети | Вовед<br>Дел III, Точки 28, 29, 58, 77 и 80 |
| 04 | Со ден на потпишување архива става датумар | Четврто издание | Изменети | Дел III, Точки 13, 14, 34, 54 и 80 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинска управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 151/17, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21), директорот на Царинска управа донесе

# НАСОКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА КОМПЈУТЕРИ И СОФТВЕР СОГЛАСНО ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

## I. Општи одредби

1. Цел на оваа Насока е појаснување за начинот на распоредување на компјутерските системи, компјутерските сервери, лаптопите и другите преносливи уреди, делови и прибор за овие машини, што се опфатени во Глава 84 и Глава 85 од Оддел XVI од Номенклатурата на Законот за Царинска тарифа (во понатамошниот текст Царинска тарифа)[1], каде што се распоредуваат механички, електрични, електронски и други машини и делови.

2. Оваа Насока овозможува подршка при распоредувањето на компјутерите, било како системи или одделени единици, делови, прибор и софтвер, согласно нивната функција, дизајн, градба и карактеристики, дали имаат повеќе од една функција, вклучувајќи ги и функциите што не се поврзани со компјутерите, дали е дел од комплетен систем или е индивидуална одвоена единица.

3. Надлежни за постапување по оваа Насока се вработените во царинските испостави при царинарниците, секторите и одделенијата при Царинската управа што ја користат Царинската тарифа во своето работење.

## II. Законски основи за распоредување

4. Законските основи за распоредување на компјутери, компјутерски делови и компјутерски софтвер опфатени во Глава 84 и Глава 85 од Царинската тарифа се шестте основни правила за примена на Царинската тарифа што се дел од воведните забелешки, Дел I на Царинската тарифа, и тоа:

1Законот за царинска тарифа со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинска управа

- **Основно правило** 1 што гласи: „За правни цели, распоредувањето на стоката ќе се врши според наименуванијата на тарифните броеви и според забелешките кон соодветните Оддели и Глави".
  Тарифните броеви се претставени со четирицифрени ознаки, додека Главите се претставени со двоцифрени ознаки. Притоа, забелешките кон Оддели и Глави се најважни кога станува збор за правилно тарифно распоредување на стоките.
- **Основно правило** 6 го одредува распоредувањето на ниво на тарифни подброеви (шест или повеќе цифрени ознаки), затоа секогаш се применуваат двете основни правила заедно, односно Основни правила 1 и 6 кога стоката се распоредува на ниво на тарифен подброј.
- **Основните правила од 2 до 4**, исто така, може да се употребат во зависност од видот и природата на производот што се распоредува. Правилата секогаш се применуваат редоследно, на пример, распоредувањето на стоката со основното правило 3 (в) е можно само ако одредбите на основните правила 2 (а), 2 (б), 3 (а) и 3(б) се разгледани и истите се исклучени, и
- **Основно правило** 5 што се применува за одредени контејнери (амбалажа) и материјали за пакување, кои се испорачуваат заедно со производите за кои се наменети.

## III. Референтна табела за брзо пребарување на стоки по тарифен број, подброј/ознака

| Предмет | Тарифен подброј/ознака |
|---|---|
| Печатари со компјутерски излез, кои не се повеќе функционални, одделни единици (англ. Printers) | 8443 32 10 00 |
| Лаптоп и ноутбук компјутери (англ. Laptop and Notebook computer) | 8471 30 00 00 |
| Персонални дигитални помошни уреди (англ. Personal digital assistants -PDAs) | 8471 30 00 00 |
| Компјутерски системи за на маса, персонални компјутери и компјутерски системи во форма на кула (англ. Desktop computer system, personal computer PC's, tower computer system) | 8471 49 |
| Мрежен сервер за датотеки (англ. Network file servers) – комплетни компјутерски системи | 8471 49 |
| Тастатура | 8471 60 60 00 |
| Глувче, трекбол, џојстик за компјутери и други X-Y координирани влезни уреди – одделни единици | 8471 60 70 00 |

| | |
|---|---|
| Скенери – кои не се повеќе функционални, одделни единици | 8471 60 70 00 |
| Централни мемориски единици, на пример RAID системи (англ. Redundant Arrays of Inexpensive Discs – RAID) | 8471 70 20 00 |
| Компакт диск (англ. Compact disk - CD) и дигитален видео диск (англ. Digital video disc - DVD) – надворешни одвоени единици | 8471 70 30 00 |
| CD и DVD податочни единици (англ. CD and DVD drives) – внатрешна одделна единица | 8471 70 30 00 |
| Хард диск драјв (англ. Hard disc drives) – надворешна податочна единица | 8471 70 50 00 |
| Графички картички | 8471 80 00 00 |
| Разделник за печатари | 8471 80 00 00 |
| Звучни картички | 8471 80 00 00 |
| Централна процесорска единица (англ. Central processing unit - CPU) одделна единица, може да биде опремена со ладилник и/или вентилатор | 8473 30 20 00 |
| Динамичка меморија со случаен пристап (анг. Dynamic random access memory - DRAM), на пример со еден вграден мемориски модул (англ. Single in line memory module – SIMM) и двоен вграден мемориски модул (Dual in line memory module – DIMM), одделни единици | 8473 30 20 00 |
| Синхронизирана динамичка меморија со случаен пристап (англ. Synchronous dynamic random access memory - SDRAM), одделна единица | 8473 30 20 00 |
| Единици за напојување само за компјутери, одделни единици (англ. Power supply units - PSUs) | 8504 40 |
| Заштитни системи (англ. Fire wall systems) | 8517 62 00 00 |
| Единици за локална мрежа LAN (англ. Local area network - LAN) - надворешни | 8517 62 00 00 |
| Мрежни картички | 8517 62 00 00 |
| Сервери за печатари | 8517 62 00 00 |
| Мрежна единица со широк опфат, (англ. Wide area network - WAN, for example gate ways) | 8517 62 00 00 |
| Единици за безжичен фиксен пристап (англ. Wireless fixed access units - Wi-Fi) | 8517 62 00 00 |
| Звучни кутии со еден звучник, одделна единица | 8518 21 00 00 |
| Звучни кутии со повеќе звучници, одделна единица | 8518 22 00 00 |
| MP3 плеери (англ. Media players – MP3) без видео и радио | 8519 81 0000 |

| | |
|---|---|
| Надворешна единица наменета за снимање на DVD од видео рекордер преку USB (англ. Universal serial bus) приклучоци – режач за DVD | 8521 90 |
| MP4 плеери (англ. Media players – MP4) со видео, со или без радио | 8521 90 |
| Флопи дискови и супер флопи дискови | 8523 29 15 00 |
| Мини диск неснимен (англ. Mini discs) | 8523 29 15 00 |
| CD-R неснимени дискови (англ. Compact Disc Recordable CD-R) | 8523 41 |
| CD-RW неснимени дискови (англ. Compact Disc Recordable CD-RW) | 8523 41 |
| DVD-R неснимени дискови (англ. Digital video disc Recordable DVD-R) | 8523 41 |
| DVD-RW неснимени дискови (англ. Digital video disc Recordable DVD-RW) | 8523 41 |
| Софтвер за компјутерски игри - за употреба само со компјутери (англ. Computer game software) | 8523 49 |
| Софтвер на CD диск или DVD диск - со програми или податоци, освен компјутерски игри | 8523 49 |
| Софтвер на CD диск или DVD диск - со музички или други звуци | 8523 49 |
| Флеш мемориски единици | 8523 51 |
| Пен податочна единица – преносливи USB мемориски уреди (англ. Pendrives) | 8523 51 10 00 |
| Веб камери – без можност за складирање на слики или капацитет за зачувување | 8525 81 00 90 |
| Дигитални видео камери (англ. Digital camcorders) - без приклучок за видео влез, со капацитет за складирање на слики | 8525 81 00 90 |
| Дигитални видео камери (англ. Digital camcorders) - со приклучок за видео влез, со капацитет за складирање на слики | 8525 81 00 90 |
| PDAs со вграден глобален систем за позиционирање (англ. Global positioning system - GPS) | 8526 91 20 00 |
| MP3 плеери (англ. Media players – MP3) без видео, со радио | 8527 13 00 00 |
| Монитори само за компјутери, без двојна намена, одделни единици | 8528 52 10 00 |

| | |
|---|---|
| Видео тјунер - електронска склопка за прием на телевизиски сигнал (англ. Periferal Component interconnect - PCI) | 8528 71 00 11 |
| Електронски персонални преносни организатори (англ. Palm held portable electronic personal organizers) | 8543 70 90 00 |

## IV. Распоредување на комплетни компјутери

### 5. Машини за автоматска обработка на податоци од тарифен број 8471 – компјутери

Компјутерите се машини кои мора да бидат способни да ги извршуваат следните функции:

- складирање на програмите за обработка што се активираат на него - или барем податоците за покренување на програмите,
- програмирање во зависност од барањата на корисникот,
- извршување на аритметички операции дефинирани од страна на корисникот,
- извршување, без човечка интервенција, програма за обработка на податоци за која е потребно да се менува текот на извршувањето со логичка одлука за време на обработката.

Забелешката 5 (а) од Глава 84 го дефинира терминот „машина за автоматска обработка на податоци" распоредена во тарифен број 8471. Производ распореден како компјутер, треба да функционира со помош на стандарден оперативен програм и да извршува функции како што се обработка на текст (word) и табеларни апликации (excel). Исто така, тие треба да имаат вграден хард диск, меморија, итн.

Компјутер е секој систем што е составен од неколку одделни единици, на пример, тастатура, монитор, основна единица итн. Со одредени исклучоци, секоја единица се смета како дел од компјутерски систем доколку ги исполнува следниве услови:

- ако е од вид што само или главно се користи со компјутерски систем,
- која може да биде поврзана со централната процесорска единица (процесор) директно или преку една или повеќе други единици,
- може да прифати или да прати податоци во форма која може да ја користи системот, како што се кодови или сигнали, X – Y координатни влезни уреди како што се компјутерски џојстици (командна палка) и глувче (маус).

Единиците за складирање на податоци треба да ги исполнуваат само последните два услови.

## 6. Компјутер за на маса (англ. Desktop) и системи во форма на кула

Стандардните десктоп и системи во форма на кула треба да се составени најмалку од:
- централна процесорска единица – базна единица или системска кутија,
- влезна единица, на пример, тастатура,
- излезна единица, на пример, монитор.

Тие можат, исто така, да вклучат и други единици како што се печатари и скенери. Вградените дополнителни елементи како мрежни и телевизиски картички, исто така, се сметаат како делови од системот. Десктоп и компјутерски системи во форма на кула се распоредуваат во тарифен подброј 8471 49.

## 7. Сервери

Мрежни сервери што содржат тастатура и монитор, како десктоп компјутерските системи, се распоредуваат во тарифен подброј 8471 49.

Мрежни сервери што немаат татстатура и монитор се распоредуваат како одделни самостојни единици. Базната единица се распоредува во тарифна ознака 8471 50 00 00. Мониторот (D-sub 15-pin–без видео) самостојно се распоредува во тарифна ознака 8528 52 10 00 и тастатурата во тарифна ознака 8471 60 60 00.

Серверите за печатари и заштитните (англ. firewall) системи не се сметаат за компјутерски сервери, туку претставуваат комуникациски уреди на податоци и се распоредуваат во тарифна ознака 8517 62 00 00.

## 8. Мали преносни компјутери

Овие компјутери вклучуваат лаптоп и ноутбук компјутери, како и други дигитални помошни уреди со можности слични на лаптоп. Овие преносни компјутери се распоредуваат во тарифна ознака 8471 30 00 00, доколку се со маса не поголема од 10 кг и имаат најмалку:
- процесор,
- тастатура,
- екран,

- уред за вчитување на програми.

За правилно тарифно распоредување на преносните компјутери потребно е да се земе во предвид и описот на овие компоненти.

**9. Преносни организери (англ. Palm-held)**

Тоа се електронски персонални организери што вообичаено немаат целосна тастатура. Најчесто имаат однапред дефинирани функции како дневник и адресар и се распоредуваат во тарифната ознака 8543 70 90 00.

**10. Други преносни компјутери**

Како други преносни компјутери што се распоредуваат во оваа група се компјутери што не ги исполнуваат горе наведените услови. Таков тип на компјутери се преносливи компјутери и индустриски компјутери. За нив нема пропишана максимална маса, но задолжително во исто куќиште треба да е вградено следното:

- процесор,
- влезна единица,
- излезна единица.

Екранот на допир обично се смета за влезна и излезна единица. Овој вид на преносен компјутер се распоредува во тарифната ознака 8471 41 00 00.

## V. Распоредување на одделни компјутерски единици – монитори, екрани и проектори

11. **Излезните уреди како што се монитори, екрани и компјутерски проектори** се распоредуваат како одделни единици, доколку тие самите не се дел од комплетен компјутерски систем. Тарифната ознака во која тие треба да се распоредат главно зависи од следното:
    - видот, на пример, со катодна цевка (англ. Cathode Ray Tube - CRT) или екран со течни кристали (англ. Liquid - Crystal Display - LCD) и
    - намената – со можност за поврзување со компјутер или со двојна намена.

Во случаи кога мониторите за компјутер и проекторите се самостојни единици, тие не се распоредуваат во тарифен број 8471.

**12. Плазма, LCD монитори и други монитори со рамен екран**

Кога се распоредува LCD монитор што не е комбиниран со друг уред потребно е внимателно да се донесе одлука за тоа дали мониторот ќе се распореди како монитор за употреба со компјутер и од тарифен подброј 8528 52 или како „друг" монитор од тарифен подброј 8528 59.

Тарифниот подброј 8528 52 опфаќа монитори што можат директно да се поврзат и се наменети за употреба со машина за автоматска обработка на податоци од тарифен број 8471, што не се монитори од видот со катодна цевка.
Тарифниот подброј 8528 59 опфаќа други монитори што не се спомнати погоре.

За да се изврши правилно тарифно распоредување на мониторот, потребно е да се изврши проценка на функциите што ги врши, како и степенот на извршување на тие функции. При извршувањето на проценката можат да се земат во предвид присуството на конекторите, како и другите карактеристики како што се стандардниот размер или големината на екранот.

Погоре наведеното е во согласност со Уредбите за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура (Уредби на ЕУ по КН)[2].

Мониторите што не можат да примаат директно сигнали или не можат да примаат сигнали воопшто од компјутер, се распоредуваат во тарифен подброј 8528 59.

Производите што вклучуваат USB интерфејс, што се наменети на пример, исклучиво за пренос на медиумски датотеки или за репродукција на аудио или видео запис од USB меморискi стик, се распоредуваат во тарифен подброј 8528 59.

Монитори со LCD екран или екран со диоди што емитуваат светлина (англ. Light – Emitting Diode – LED) во кои е вграден телевизиски приемник се распоредуваат во тарифна ознака 8528 72 40 00 или 8528 72 80 00 како приемни апарати за телевизија, соодветно.
CRT монитори со катодна цевка се распоредуваат во тарифните подброеви 8528 42 и 8528 49.

[2]Уредбите за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура со сите измени и дополнувања е објавена на интернет страната на Царинска управа во делот "За нас – Царинска регулатива – Закон за царинска тарифа - Уредби" и истите се внесени во единствен список објавен во делот "Бизнис заедница – Тарифа, вредност и потекло – Царинска тарифа".

## 13. Проектори

Проекторите што можат директно да се поврзат со компјутери и се наменети да прикажуваат сигнали добиени од компјутери, како и проекторите што можат да се поврзат со компјутери и со други уреди (видео и DVD рекордери, телевизиски тјунери, видео камери), се распоредуваат во тарифна ознака 8528 62 00 00.

Останатите проектори што не можат да се поврзат и да прикажуваат сигнали добиени од компјутери, ќе се распоредат во тарифен подброј 8528 69:
- еднобојници - 8528 69 20 10 и 8528 69 20 90,
- други - 8528 69 80 10 и 8528 69 80 90.

## 14. LED видео екран

Овој тип на панел екран е дизајниран на принцип на модули и е наменет за гледање на отворен простор, како што се спортски стадиони, плоштади, манифестации итн. Овие единици се составени од неколку модули изработени од плочи, од кои секоја плоча содржи црвена, зелена и сина LED диода. Панелот има и видео процесор и сигнален процесор што овозможуваат прикажување на слики и видео записи. Овој вид на панели се распоредуваат во тарифна ознака 8528 52 99 10 или 8528 52 99 90 во зависност од тоа дали се нови или употребувани. Меѓутоа, панелите со LED плочи без вграден видео процесор, без можност да прикажуваат видео записи се распоредуваат во тарифна ознака 8529 90 93 00.

Погоре наведеното е во согласност со Уредби на ЕУ по КН.

## 15. LCD видео екран

Овие LCD модули се наменети за повеќе конфигурации на екрани до 5x5, дизајнирани за гледање во затворен простор како видео презентации, информации од јавен карактер итн. Вградениот компјутер е наменет за обработка на видео запис и контрола на мрежата. LCD модулите се распоредуваат во тарифна ознака 8528 52 91 10 и 8528 52 91 90.

Ова е во согласност со Уредбина ЕУ по КН.

## 16. Други типови на екрани

Електронски бели табли се распоредуваат во тарифна ознака 8471 60 70 00. Неелектрични екрани за проекција се распоредуваат во Глава 90, во тарифна ознака 9010 60 00 00.

## VI. Распоредување на компјутерски печатари и скенери

17. Печатарите што се наменети за работа со компјутери и скенери се распоредуваат како посебни единици, доколку истите не се дел од комплетен компјутерски систем. Во случаи кога печатарите, вклучувајќи ги и мултифункционалните машини се посебни единици тие никогаш не се распоредуваат во тарифен број 8471.

**18. Печатари наменети за работа со компјутери**

Сите видови на печатари како што се: ласерски печатари, инк-џет печатари, печатари со термален трансфер, печатари со лента (англ. ribbon) итн. доколку се наменети како излезни уреди за компјутери се распоредуваат во тарифна ознака 8443 32 10 00. Другите видови на печатари се распоредуваат во тарифна ознака 8443 39 00 00.

**19. Скенери**

Лежечки или филмски тип на скенери се распоредуваат во тарифна ознака 8471 60 70 00.

**20. Комбинирани печатари и скенери**

Мултифункционални, комбинирани машини со ласерски печатар, скенер, фотокопир и понекогаш факс машина, се распоредуваат во тарифна ознака 8443 31, 8443 32 и 8443 39.

**21. Инкџет касети (англ. cartriges)**

Инкџет касетите со глава за печатење се распоредуваат во тарифна ознака 8443 99 90 00. Инкџет касетите без глава за печатење се распоредуваат во Глава 39, во тарифна ознака 3923 90 00 00 доколку се празни и во Глава 32, во тарифна ознака 3215 90 20 00 доколку се полни. Касетите со „чип" за мерење на ниво на мастилото, исто така, се распоредуваат во тарифна ознака 3215 90 20 00. Тарифната ознака 3215 90 20 00 опфаќа и цврсто мастило во специјални форми за вметнување во апарати од тарифните подброеви 8443 31, 8443 32 или 8443 39.

## VII. Распоредување на тастатури, глувче и други влезни уреди за компјутери

22. Компјутерските влезни уреди, како тастатура, глувче и др. доколку не се дел од комплетен компјутерски систем се распоредуваат во одделни тарифни ознаки.

23. **Тастатура за компјутер**

Компјутерска тастатура се распоредува во тарифна ознака 8471 60 60 00.

24. **X-Y координирани влезни уреди**

Влезните уреди како глувче, тракбол, графички таблет и светлосни пенкала се распоредуваат во тарифна ознака 8471 60 70 00. Оваа тарифна ознака вклучува и стандардн и мрежни уреди и безжични единици (англ. Bluetooth).

Електронските бели табли претставуваат, исто така, влезни единици и се распоредуваат во тарифна ознака 8471 60 70 00.

25. **Распоредување на компјутерски хабови, адаптери и други мрежни единици**

Мрежните единици вклучуваат машини за прием, конверзија и предавање или регенерација на глас, слики или други податоци. Тие вклучуваат и уреди за вклучување - исклучување (англ. switching) и усмерување (англ. routing). Во случаи кога мрежните уреди се одделни единици, тие никогаш не се распоредуваат во тарифен број 8471.

Тарифната ознака 8517 62 00 00 ги опфаќа следните производи:
- модеми, вклучувајќи надворешни модеми и ISDN адаптери (англ. Integrated Services Digital Network - ISDN),
- надворешни единици за локална мрежа LAN (англ. Local Area Network - LAN), вклучувајќи адаптери, мостови и хабови,
- WAN единици за глобална мрежа (англ. Wide Area Network - WAN), вклучувајќи порти и ISDN адаптери,
- мрежни картички за етернет, токен прстени и друга мрежна технологија.

Единиците за безжичен интернет пристап, исто така, се распоредуваат во оваа тарифна ознака. Тие се предавателско/приемнички единици што им овозможуваат безжичен пристап на фиксните линиски мрежи и можат да бидат печатени плочиили комплетни единици во куќиште.

26. **Безжичен глобален систем за мобилна комуникација** (англ. GlobalSystem for Mobile Communication – GSM) и **пакетски ориентиран сервис за пренесување на податоци** (англ. General Packet Radio Service – GPRS)

Овие предавателско/приемнички единици дозволуваат оддалечен безжичен пристап на персонална дигитална помошна опрема – PDA уреди (англ. Personal Digital Assistant – PDA) што ги користат мрежите на целуларните мобилни телефони. Истите се распоредуваат во тарифна ознака 8517 62 00 00.

27. **Кабли опремени со конектори**

Коаксијални кабли опремени со конектори се распоредуваат во тарифна ознака 8544 20 00 00.

Електрични спроводници со конектори за напон што не надминува 1000V, што се употребуваат во телекомуникациите се распоредуваат во тарифна ознака 8544 42 10 00.

Каблите за пренос на податоци и каблите за напојување како што се SATA, USB, VGA, DVI и слични што се користат за напон не поголем од 1000 V се распоредуваат во тарифна ознака 8544 42 90 00.

## VIII. Распоредување на звучни, видео и графички уреди за компјутери

28. **Веб камери** и други дигитални камери што немаат можност за снимање, чување или складирање на слики се распоредуваат како телевизиски камери во тарифна ознака 8525 81 00 90. Тие се наменети да пренесуваат слики во еден правец кон други апарати, преку жица или безжично.

29. **Други дигитални камери**

Овој вид на дигитални камери претставуваат камери што имаат можност за снимање или чување на слики на мемориска картичка или модул, диск, лента или друг уред за складирање.

Дигитални камери што се користат за снимање на фотографии со можност за снимање (со користење на максимален капацитет за складирање) со квалитет што надминува 800 x 600 пиксели и 23 слики во секунда и најмалку 30 минути снимено видео, се распоредуваат во тарифна ознака 8525 81 00 90. Во овие

тарифни ознаки се распоредуваат и камери што имаат можност за снимање на видео подолго од 30 минути, но сликите се снимаат во одделни датотеки кои траат помалку од 30 минути.

Кога веб камерите, дигиталните фотоапарти и дигиталните видео камери се одделни единици, во тој случај тие не се распоредуваат во тарифен број 8471.

Ова е во согласност со Уредбина ЕУ по КН.

## 30.Звучници

Звучниците можат да бидат пасивни или активни единици. Активните вклучуваат засилувач во куќиштето. Распоредувањето на звучниците зависи од бројот на единици (број на звучнички конуси или траки) во секоја звучна кутија.
Звучни кутии со една звучна единица се распоредуваат во тарифна ознака 8518 21 00 00.
Звучни кутии со повеќе звучни единици се распоредуваат во тарифна ознака 8518 22 00 00.
Звучниците и микрофоните како одделни единици, никогаш не се распоредуваат во тарифна ознака 8471.

## 31. MP3 плеери

Овие уреди се сметаат за уреди што снимаат звук. Тарифната ознака во која тие се распоредуваат зависи од тоа дали во нив има или нема вградено радио или видео уред. Видовите што не содржат вградено радио се распоредуваат во тарифна ознака 8519 81 0000. MP3 плеери што содржат вградено радио се распоредуваат во тарифна ознака 8527 13 00 00. Останатите со можност за видео снимање или репродукција се распоредуваат во тарифен подброј 8521 90 (без разлика дали се со радио или не).

## 32.Графички картички

Можат да бидат основни 2D графички адаптери, 2D/3D или 3D графички акцелератори што работат преку постоечките графички картички или присвојни или уредувачки картички (англ. grabbing или editing картички). Тие се распоредуваат во тарифна ознака 8471 80 00 00.

33.**Звучни картички** се распоредуваат во тарифна ознака 8471 80 00 00.

34.**Телевизиски картички за прием на сигнали**

Телевизиски PCI картички за прием на сигнали се распоредуваат во тарифна ознака 8528 71 00 11. Производите што се вградени во куќиште се сметаат дека го изгубиле својот карактер како електронски склопови и се распоредуваат во тарифна ознака 8528 71 00 19.

35.**Читачи на електронски книги**

Пренослив уред за снимање и репродукција на разни видови на текст, слики и аудио датотеки. Овие единици можат да содржат внатрешна меморија, читач на картички, USB интерфејс, со или без функција за превод или речник. Овие уреди се распоредуваат во тарифна ознака 8543 70 05 00.

## IX. Распоредување на други одделни компјутерски единици

36. Различни други компјутерски единици се распоредуваат како одделни единици доколку не се дел од комплетен компјутерски систем.

37.**Основни единици**

Основни единици или „системски кутии" треба да содржат централна процесорска единица (англ. Central Processing Unit - CPU) и главна меморија. Овие типови на единици се распоредуваат во тарифна ознака 8471 50 00 00.

38.**Надворешни дискови**

Централни единици за складирање, како што се RAID системи за мрежи, можат да бидат магнетски дискови, ленти или оптички податочни единици. Тие се распоредуваат во тарифна ознака 8471 70 20 00. RAID контролери без податочна единица се распоредуваат во тарифна ознака 8471 70 98 00.

Надворешна податочна единица за употреба со еден компјутер се распоредува согласно типот на податочна единица, и тоа:

- оптичка податочна единица како CD, DVD и магнетно оптичка податочна единица MO (англ. Magneto-Optical - MO) се распоредува во тарифна ознака 8471 70 30 00 без оглед дали само читаат или читаат и пишуваат,
- хард диск податочна единица се распоредуваво тарифна ознака 8471 70 50 00,
- флопи податочна единица се распоредува во тарифна ознака 8471 70 70 00,

- касетна (англ. Tape) податочна единица се распоредува во тарифна ознака 8471 70 80 00,
- пен податочна единица (англ. Pen) – пренослив USB мемориски уред – се распоредува во тарифна ознака 8523 51 10 00.

## 39. CD и DVD дупликатори

Самостојни машини за групно копирање на CD диск или DVD диск се распоредуваат во тарифен подброј 8521 90.

## 40. Читачи на картички

Читачи на картички што се распоредуваат во тарифна ознака 8471 90 00 00 се следните:

- магнетни читачи на картичка,
- читачи на паметна картичка. Паметна картичка е картичка што во неа има вградено едно или повеќе електронски интегрирани кола – микропроцесор, рандом влезна меморија (англ. Read Access Memory - RAM) или меморија само за читање (англ. Read Only Memory - ROM) – во форма на „чипови". Може да содржи магнетна лента или вградена антена, но исклучува други активни или пасивни елементи,
- читачи на мемориски картички – вклучувајќи компактен флеш (англ. Compact Flash), паметен медиум (англ. Smart Media), SD мемориска картичка (англ. Secure Digital - SD), мултимедијална картичка (англ. Multimedia Card - MMC), мемориски стик (англ. Memory Stick), XD мемориска картичка (англ. Picture Card – XD) и PC мемориска картичка (англ. PC Card).

## 41. Систем за глобално позиционирање – GPS модули

Овие единици им овозможуваат функција за одредување на позицијана уредите како што се PDA уреди или лаптопи преку компјутерска мрежа, безжична или кабелска конекција и истите се распоредуваат во тарифен подброј 8526 91 20 00.

## 42. Надворешни USB хабови

USB хабовите се контролни и адаптерски единици кои служат за меѓусебно поврзување на централната единица за обработка со влезни или излезни единици и се распоредуваат во тарифна ознака 8471 80 00 00. Меѓутоа, контролни и адаптерски единици за поврзување во жичена или безжичена мрежа

(како локална или широко подрачна мрежа) се распоредуваат во тарифната ознака 8517 62 00 00.

43.**Донглс (англ. Dongles)**

Донглс се USB интерфејс единици кои обезбедуваат комуникација (Bluetooth или Wi-Fi) со компјутери и се распоредуваат во тарифна ознака 8517 62 00 00.

Хардверски уреди за дешифрирање поврзани со компјутер преку USB интерфејс за деактивирање на софтвер или заштита на податоците во компјутер се распоредуваат во тарифна ознака 8471 80 00 00.

44.**Сигурносна единица за дешифрирање**

Овие единици претставуваат генератори на пристапни кодови/шифри што им овозможуваат на корисниците логирање во компјутерскиот систем со далечински пристап. Сигурносните единици за декодирање не може да се поврзат директно со компјутерот и се распоредуваат во тарифна ознака 8543 70 90 00.

## X. Распоредување на внатрешни надградби и делови

45.Многу компјутерски делови и додатоци се распоредуваат во тарифен број 8473. Сепак некои од овие елементи се третираат како комплетни единици и се распоредуваат во други тарифни подброеви.

Делови што се распоредуваат во тарифен број 8473 се наведени во точките од 46 до 53.

46.**Централни процесорски единици (англ. Central Processing Units - CPUs)**

Овие единици се направени од две или повеќе електронски интегрирани кола. Може да се спакувани со други дополнителни елементи, вообичаено ладилник, а може да содржат вентилатор и процесор. Тие се распоредуваат во тарифна ознака 8473 30 20 00.

47.**CPU ладилник** се распоредува во тарифна ознака 8473 30 80 00.

48.**Матични плочи** што не се целосно опремени со CPU и RAM меморија се сметаат како електронски делови и се распоредуваат во тарифна ознака 8473 30 20 00.

49. **Компјутерски куќишта со или без струјно напојување** се распоредуваат во тарифна ознака 8473 30 80 00.

50. **Некомплетни единици** што обично содржат куќиште, матична плоча и напојување се распоредуваат во тарифна ознака 8473 30 80 00.

51. **Мемориски модули наменети за употреба исклучиво или главно со компјутери и компјутерски единици од тарифен број 8471**, се распоредуваат во тарифен број 8473. Ако се наменети за употреба исклучиво или главно со апарати од други тарифни броеви, мемориските модули треба да се распоредат како делови за тие апарати. Мемориските модули што се наменети за употреба со повеќе апарати се распоредуваат во тарифен број 8548.

52. **Стандардниот DRAM и други модули добиени со MOS технологија** (англ. Metal oxide semiconductor – MOS) како што е единечен модул за меморија во линија (англ. Single In-line Memory Module – SIMM) и двоен мемориски модул (англ. Dual In-line Memory Module – DIMM) се распоредуваат во тарифна ознака 8473 30 20 00.

53. **Други стандардни мемориски модули** вклучувајќи нестабилни типови како модули со статичка меморија за случаен пристап (англ. Static Random Access Memory - SRAM modules) се распоредуваат во тарифна ознака 8473 30 20 00.

## XI.Комплетни единици

54. **Единици за напојување** (англ. Power Supply Units - PSUs) специјално изработени и погодни за употреба со компјутерски единици како што се базни единици или печатари се распоредуваат во тарифен подброј 8504 40.

55. **Комплетни матични плочи со CPU единица и RAM меморија** се сметаат како комплетни базни компјутерски единици кои се распоредуваат во тарифна ознака 8471 50 00 00.

56. **Внатрешна податочна единица** се распоредува согласно типот на податочна единица и тоа како:
    - оптичка податочна единица како CD, DVD и MO единица се распоредува во тарифна ознака 8471 70 30 00 без разлика дали само чита или чита и пишува,
    - хард диск податочна единица вклучувајќи пренослива податочна единица се распоредува во тарифна ознака 8471 70 50 00,

- читач на картичка на полупроводнички медиум се распоредуваво тарифна ознака 8471 70 98 00,
- флопи податочна единица, вклучувајќи супер флопи се распоредува во тарифна ознака 8471 70 70 00,
- касетна податочна единица се распоредува во тарифна ознака 8471 70 80 00.

57. **Други картички** (картички за проширување на функциите на компјутерот) кои исто така се распоредуваат како комплетни единици од тарифна ознака 8471 80 00 00 се следните:
- I/O влезни/излезни картички,
- сериски и паралелни порт картички,
- USB картички и адаптери,
- SCSI контролни картички - мал системски интерфејс (англ. Small Computer System Interface – SCSI) и IDE контролни картички - интегрирана електронска податочна единица (англ. Integrated Drive Electronics – IDE).

Различни други видови на компјутерски картички за проширување на функцииите на компјутерот остануваат распоредени во оваа тарифна ознака.

58. **Мемориски модули наменети за употреба со други апарати**, освен со компјутери и компјутерски единици од тарифен број 8471 се распоредуваат во тарифен подброј 8548 00.

## XII. Распоредување на делови и прибор за компјутери

59. **Делови за компјутери** - претставуваат интегрални компоненти на компјутерите. Различни компјутерски делови се распоредуваат како компјутерски единици, доколку тие не се дел од комплетен компјутерски систем.

**Приборот за компјутери** - овозможува на компјутерот дополнителна функција, но не се смета како негова интегрална компонента. Тој претставува заменлив дел или уред што е наменет да се прилагоди на машината:
- да направи одредена операција,
- да изврши одредена улога,
- да го зголеми опсегот на операции на машината.

60. **Распоредување на делови за компјутер**

Делови за компјутер се распоредуваат во согласност со Забелешка 2 од Оддел XVI од Царинската тарифа.

Многу интегрални делови за компјутери се распоредуваат во тарифен број 8473. Деловите што се интегрална компонента на компјутер и се специфично опфатени со тарифен број од Глава 84 или Глава 85 се распоредуваат во нивните соодветни броеви. На пример, коаксијалните кабли не се распоредуваат како делови за компјутер од тарифен број 8473, бидејќи се опфатени во тарифен број 8544. Меѓутоа, деловите на производите од кој да е тарифен број од Глава 84 или Глава 85 (освен тарифните броеви 8409, 8431, 8448, 8466, 8473, 8487, 8503, 8522, 8529, 8538 и 8548) во сите случаи се распоредуваат во своите соодветни тарифни броеви.

Други делови доколку се погодни за употреба само или главно со посебен вид машини, или со повеќе видови машини што се распоредуваат во ист тарифен број (вклучувајќи и машини што се распоредуват во тарифен број 8479 или 8543) се распоредуваат со тие машини или во тарифни броеви 8409, 8431, 8448, 8466, 8473, 8503, 8522, 8529 или 8538 како соодветни за тие машини. Меѓутоа, деловите кои може подеднакво да се користат главно со призводите од тарифен број 8517 и со производите од 8525 до 8528 се распоредуваат во тарифен број 8517.

Сите други делови се распоредуваат во тарифни броеви 8409, 8431, 8448, 8466, 8473, 8503, 8522, 8529 и 8538 како соодветни за тие машини или во тарифен број 8487 или 8548.

61. **Распоредување на прибор за компјутери**

Поголем дел од приборот за компјутери се распоредува во тарифен број 8473 во кој се распоредуваат особено делови и прибор за машини, вклучувајќи ги и компјутерите. Само одредени тарифни броеви од Глава 84 и 85 опфаќаат прибор за компјутери. Ако предметот или предметите за кои приборот е наменет се распоредуваат во тарифен број што не опфаќа прибор, тогаш приборот се распоредува во друг тарифен број од Царинската тарифа согласно неговата функција или материјалот од што е изработен.

## XIII. Распоредување на софтвер

62. Распоредувањето на софтверот зависи од медиумот на кој е снимен и од природата на софтверот.

Медиумот вклучува:

- CD диск, DVD диск, ласер диск, мини диск и други дискови за читање со ласер,
- флопи диск,
- магнетна лента,
- картички со магнетна лента,
- мемориски картички,
- касети за конзоли за видео игри.

Постојат повеќе видови на категории на софтвери и тоа:
- програми и податоци,
- звучни дискови,
- компјутерски игри,
- филмови, слики и сликани фајлови,
- игри за конзоли за видео игри.

## 63. Програми и податоци

Во оваа категорија вклучени се програми за обработка на текст, табели, програми за објава на десктоп, програми за сликање и цртање, планери за патување, енциклопедија, деловен или телефонски именик, каталози, податочни единици за уреди, системски диск и резервен диск. Програмите и податоците се распоредуваат согласно медиумот на кој се снимени. Доколку се:
- снимени на CD диск, ласер диск, мини диск или други дискови со читање со ласер, се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 20 10 и 8523 49 20 90,
- снимени на DVD диск се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 10 10 и 8523 49 10 90,
- снимени на магнетни ленти се распоредуваат во тарифна ознака 8523 29 19 31.

## 64. Носачи на звук

Во оваа категорија спаѓаат музички дискови, курсеви за јазици, документарни снимки, книги со наратор и други. Носачите на звук се распоредуваат согласно медиумот на кој се снимени. Доколку се:
- снимени на дискови за читање со ласер, на пр. мини диск, CD диск или SACD диск (англ. Super Audio Compact Disk – SACD), се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 20 10 или 8523 49 20 90,
- снимени на други дискови за читање со ласер, на пр. DVD диск, се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 10 10, односно 8523 49 10 90.

## 65. Компјутерски игри

Тука спаѓаат симулатори за летање, спортски игри, трки за коли, стратегиски игри и други за употреба само на машини за автоматска обработка на податоци.

Компјутерските игри се распоредуваат согласно медиумот на кој се снимени. Доколку се:

- снимени на CD диск, ласер диск, мини диск или други дискови за читање со ласер се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 20 10 или 8523 49 20 90,
- снимени на DVD диск се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 10 10 или 8523 49 10 90,
- снимени на флопи диск се распоредуваат во тарифна ознака 8523 29 19 35.

## 66. Филмови, слики и сликани фајлови

Во оваа група спаѓаат филмови, видеа, фото-дискови, клип уметнички колекции, фото колекции и караоке дискови. Филмовите, сликите и сликаните фајлови се распоредуваат согласно медиумот на кој се снимени. Доколку се:

- снимени на DVD диск се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 10 10 или 8523 49 10 90,
- снимени на други дискови за читање со ласер се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 20 10 или 8523 49 20 90,
- снимени на флопи дискови се распоредуваат во тарифна ознака 8523 29 19 35.

## 67. Игри за конзоли за видео игри

Овие видови се распоредуваат исто така согласно медиумот на кој се снимени. Доколку се:

- снимени на DVD диск се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 10 10 или 8523 49 10 90,
- снимени на други дискови за читање со ласер се распоредуваат во тарифна ознака 8523 49 20 10 или 8523 49 20 90,
- снимени на касети се распоредуваат заедно со конзоли за видео игри во тарифна ознака 9504 50 00 00.

## 68. Софтвер на мемориски картички и карти со магнетни ленти

Софтверот кој е снимен на мемориски картички, на пример компактен флеш, паметен медиум, SD мемориска картичка, мултимедијална картичка, мемориски стик, XD мемориска картичка и PC мемориска картичка, се распоредува во тарифен подброј 8523 51 или 8523 52.

Софтверот кој е снимен на картичка со магнетна лента се распоредува во тарифен подброј 8523 21.

## XIV. Распоредување на неснимен медиум

69. Празен неснимен медиум вклучува:
- CD диск, DVD диск, мини диск и други дискови за читање со ласер,
- флеш мемориска карта,
- магнетни ленти и дискови,
- преносливи хард дискови,
- микро податочна единица,
- флопи диск, флопи дискета (англ. Floppy disk cookie) и супер флопи диск.

**70. CD диск, DVD диск, мини диск и други дискови за читање со ласер**

**Празни (неснимени дискови)** се распоредуваат во тарифен подброј 8523 41. Во зависност од капацитетот на дисковите се распоредуваат во тарифните ознаки 8523 41 10 00, 8523 41 30 00 или 8523 41 90 00.

**Празни мини дискови** користат магнетно - оптичка технологија за снимање и бришење, имаат магнетен слој и се крути магнетни дискови кои се распоредуваат во тарифна ознака 8523 29 15 00.

**Други видови на празни магнетно - оптички дискови** се распоредуваат, исто така, во тарифна ознака 8523 29 15 00.

Технологијата на **DVD-R дисковите** се смета дека е слична со технологијата на CD-R дисковите, со тоа што тие користат ласерска технологија за читање и пишување. DVD-R дискови се распоредуваат во тарифен подброј 8523 41.

**DVD+RW дискови** користат фазно - разменлива технологија за снимање и бришење и се распоредуваат исто така во тарифен подброј 8523 41.

**71. Флеш мемориски картички**

Овие видови на картички содржат две или повеќе флеш мемориски интегрирани електронски кола монтирани на основа. Има различни типови на мемориски картички, вклучувајќи компактен флеш, паметен медиум, SD мемориска картичка, мултимедијална картичка, мемориски стик, XD мемориска картичка и PC мемориска картичка. Флеш мемориски картички се распоредуваат во тарифна

ознака 8523 51 10 00, доколку се неснимени. Снимените флеш мемориски картички се распоредуваат во тарифна ознака 8523 51 90 10 и 8523 51 90 90.

72. **Магнетни ленти и дискови**

Во оваа група се вклучени компактни касети, VHS касети (англ. Video Home System - VHS) и mini-DV касети (англ. Mini Digital Video – Mini-DV) и се распоредуваат во тарифна ознака 8523 29 15 00, доколку се неснимени.

73. **Пренослив хард диск** – само диск, некомплетна податочна единица

Овој тип на дискови обично се испорачуваат со неколку инсталирани помошни софтверски програми и се распоредуваат како снимен софтвер во тарифна ознака 8523 80 10 00.

74. **Микро податочни единици**

Ова се минијатурни хард диск податочни единици за употреба во PC картичка или сличен слот. Овие видови на податочни единици се распоредуваат во тарифна ознака 8471 70 50 00.

75. **Флопи дискови**

Стандардни флопи дискови, флопи диск куки и супер флопи диск се распоредуваат во тарифна ознака 8523 29 15 00.

## XV.Завршни одредби

76. Одговорни за спроведување на оваа Насока се царинските службеници од надлежните царински испостави.

77. Надлежен за предлагање и подготвување на измени и дополнувања на оваа Насока е помошник директорот на Секторот за царински систем.

78. Секое постапување спротивно на одредбите на оваа Насока ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на оваа Насока да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

79. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии, е должен веднаш по потпишувањето на оваа Насока, истата да ја направи достапна за сите вработени во Царинската управа, согласно Процедурата за депозитар на документација[3] и да ја објави на интранет страната на Царинската управа.

80. Со стапување на сила на оваа насока престанува да важи 01.30.32.НС.003.03 Насоката за распоредување на компјутери и софтвер согласно Царинската тарифа бр. 01-007259/18-0003 од 04.02.2022 година.

81. Оваа Насока стапува на сила со денот на донесувањето.

Директор
Бобан Николовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT · МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ · MINISTRIA E FINANCAVE · ЦАРИНСКА УПРАВА · DREJTORIA E DOGANAVE · СКОПЈЕ · SHKUP

Бр. 01-007259/18 -0004
Скопје, 16.06.2025 година

17 -06- 2025

[3]Процедурата за депозитар на документацијасосите измени и дополнувања како интерен акт е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви : | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори насектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |